# СТАРЕЦ СОФРОНИЈ ЗА ДУХОТ И ЖИВОТОТ



112.
На искушенијата од ѓаволот во пустината, Христос им се противстави преку директно отфрлање, темелејќи ги своите одговори богословно. Ова, за нас претставува поука. Секој пат, кога имаме лоша помисла, должни сме да ја отфрлиме веднаш, да го избегнеме ѓаволот со неа. Ова, меѓутоа, не може да се усвои на друг начин, освен преку долгогодишен подвиг, преку дејствието на благодатта во нас.

113.
Што значи, да го устроиме нашето спасение! Имено, меѓу сѐ она што го набљудуваме во космичкото постоење, да го избереме она што Му е благоугодно на Бога да се отплеткаме од она што е против Него! Тогаш, го гледаме нашиот живот како лека-полека се менува. Меѓутоа, да бидеме стрпливи. Бог сигурно може да нѐ посети за во еден момент да ни ги отвори очите за вечноста. Но, воопшто ова прашање е многу старо, и нема никаква врска со сето она, што може да го создаде мечтаењето. Читајте го Свети Силуан! Ќе видите дека неговата состојба, секогаш беше во Бога. Ќе го разберете неговото слово, кое вели дека на Светителите не им поминува ниту една секунда без молитва.

114.
Како да ги разликуваме помислите што доаѓаат од надвор, од родените во нашето срце? Во повеќето случаи, навлегувањето на демонската енергија е толку суптилно, што ја сметаме за дел од себеси. Учењето што го наследивме од нашите отци ни помага, но не е доволно. Неподносливоста и немирот што ги предизвикува некоја помисла во нашето срце е знак дека е испратена од непријателот. Ова главно, важи за хулните помисли. Ако не чувствуваме радост и задоволство од помислата што ја имаме во нашето срце, значи дека таа не е од Бога, туку од непријателот што навлегува во нас!

115.
Не е лесно да го различиме она што се раѓа во нашето срце под влијание на демонот. До ова некој стигнува постепено, преку подвиг, со борба против страстите, што ние, чедата на Адам ги носиме во нас. Така, лека-полека почнуваме да расудуваме, да чувствуваме дека таквата помисла, таквото движење на душата не происходи од Бога, туку од непријателот. Таквата состојба не настанува со размислување, туку со чувство, со непосредно претчувство, исклучително истенчено и способно за разликување, што секогаш е резултат на повеќегодишен макотрпен подвиг. Според Свети Исаак и нашиот Отец Силуан, расудувањето исто така зависи и од начинот, како Светиот Дух дејствува во нашето срце, од опитот на благодатта и на демонските напади што ни се случуваат. Намалувањето или губењето на благодатта е знак, дека помислата доаѓа од непријателот. Спротивно, помислата доаѓа од Бога, од ангелот или од самиот Свет Дух тогаш, кога нѐ исполнува со радост и ни дава посебен мир.

116.
Најдобро е да не им придаваме значение на помислите, туку да се вдлабочуваме во молитвата, да разговараме со Бога низ молитвата.



117.
Постојат различни начини преку кои можеме да им се противставиме на лошите помисли, да го ослободуваме нашиот дух од секоја страсна или хулна помисла. Првиот, што го препорачуваат Отците на црквата е покајанието. Вториот е да го насочиме вниманието на нашето битие на нешто друго. Кога нашата сосредоточеност кон Вистината е истрајна, непријателот престанува да биде заинтересиран и нè напушта.

118.
Ако страстите се силни и ако некоја страшна, жестока, грешна помисла не сака да нè напушти, не ни останува ништо друго, освен да се бориме плачејќи, толку долго време колку што злиот дух настојува.

119.
Нашиот разум се наоѓа во постојана борба со умот на непријателот. За да го устроиме нашиот живот, неопходен е цврст став за постојана борба. Зашто, ако *заспиеме* му се препуштаме на непријателот што никогаш не спие, да си ја врши својата работа, така што се наоѓаме во опасност да го изгубиме нашето спасение.

120.
Трезвеност! Со неа треба да започне нашиот двиг, така што, ништо доколкуввоопшто е возможно, не бидува без Бога!

121.
Светот што нè опкружува денес, живее подинамично отколку порано. Но, колку што постои повеќе движење во светот, толку е потешко да ја зачуваме христијанската совест. Нападнати сме од секаде, преку вратите на чувствата, така што е разбранувана површината на нашиот живот. Низ бурите на нашата епоха соодветствува постојано бдеење. Најпрвин ова го барам од вас: Слушајте го словото на Евангелието, *бдејте* и престанете да си играте!

122.
Да го запазиме ова внимание, што го чува нашето тело во постојана подготвеност. Благодарение на оваа подготвеност, дури и на сон можеме да ја имаме на ум, целта на нашиот живот. Молитвата може да продре дури до она што психолозите го нарекуваат потсвесно. Еден вистински подвижник, секогаш се чува себеси, дури и во сон. Ако, неочекувано се појават лоши помисли, тој станува и се моли. Така, лека-полека, свеста ќе го просветли она што го правиме во секојдневниот наш живот.

123.
Не допуштајте овоземните нешта да ви го расејуваат умот! Соберете го целото ваше внимание, насочете ја целата своја енергија за вашиот живот да му соодветствува на духот на заповедите на Евангелието.

124.
Да го собереме својот ум, наспроти расејувањата предизвикани од надворешниот свет! Никогаш, умот не ќе може да остане постојано во Бога без подвиг! Уште од овој живот, должни сме да се научиме да престојуваме во Бога, што навистина ќе се случи со нашиот дух по смртта.

125.
Кога зборуваме за присуството на Бога во нашиот дух, тоа не значи дека Го гледаме Бога, туку дека Бог нè гледа нас! Еве го правилниот став: Дејствуваме пред Бога, Кој е присутен и нè набљудува!

126.
Околу прашањето за соништата, не можам да кажам ништо повеќе од Свети Јован Лествичник. Според Отците на Црквата, најсоодветен став е да не им веруваме. За да нè убеди да поверуваме во нашите визии, непријателот може навистина да ни принесе соништа, кои потоа, се остваруваат во секојдневието. Треба, значи, да бидеме многу *разумни!* Доста е еднаш да ни се случи да поверуваме, и еве ја прелеста придружена од сите нејзини опасности! Ние го имаме Словото Христово и на Апостолите. Тоа ни е доволно!

127.
Многу е значајно да се стремиме никогаш да не се здобиеме со видливи знаци на Божјото благоволение, како што на пример е дарот на чудотворството.

128.
Да Го живееме Христа сами и за себе си, на растојание од другите, тоа за христијанскиот живот значи да се живее недоволноста на човечкото битие. Наспроти тоа, кога двајца, тројца, четворица или повеќемина се соберат за истата цел, силата на секој од нив се умножува до бескрај. Писмото, вели: *Тешко на едниот*! Наспроти тоа, двајца веќе можат да бидат непоколебливи.



129. Она што е битно во едно манастирско братство е сите да имаме истоветно гледање на работите, за да го устроиме со сочувство, нашето лично спасение, спасението на оние што се околу нас, и на сите оние што доаѓаат при нас!

130.
Академската теологија не е доволна за спасение! Читајте ги главно аскетските отци! Таму ќе ја научите вистинската теологија, ставот на умот и на срцето пред Бога.

превод од грчки: Митрополит Струмички Наум